**Известување за концентрација со која Џенертелајф С.п.А. Италија, Женерали Вие С.А., Франција, Џенерали Италија С.п.А. Италија, Генерали Дојчланд АГ Германија, Алеанца Асикурациони С.п.А. Италија и Мунхенер Рукферзихерунгс-Гезелшафт Акциенхезелшафт ин Мунхен Германија ќе основаат целосно функционално заедничко вложување**

**(предмет бр. 08-141/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 21.10.2022 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Џенертелајф С.п.А. (*Genertellife S.p.A.*), со седиште на адреса Мољано Венето (ТВ), Виа Марокеса 14, Поштенски број 31021, Италија (*Mogliano Veneto (TV), Via Marocchesa 14, CAP 31021, Italy*) ("Џенертелајф"); Женерали Вие С.А. (*Generali Vie S.A.*), со седиште на адреса Пилет-Вил 2, 75009 Париз, Франција (*Pillet-Ville 2, 75009 Paris, France*) ("Женерали Вие"); Џенерали Италија С.п.А. (*Generali Italia S.p.A.*), со седиште на адреса Мољано Венето (ТВ), Виа Марокеса 14, Поштенски број 31021, Италија (*Mogliano Veneto (TV), Via Marocchesa 14, CAP 31021, Italy*) ("Џенерали Италија"); Генерали Дојчланд АГ (*Generali Deutschland AG*), со седиште на адреса Аденауеринг 7-9, 81737 Минхен, Германија (*Adenauerring 7, 81737 Munich, Germany*) ("Генерали Дојчланд"); Алеанца Асикурациони С.п.А. (*Alleanza Assicurazioni S.p.A.*), со седиште на адреса Пјаца Тре Тори 1, 20145 Милано, Италија (*Piazza Tre Torri 1, 20145 Milano, Italy*) ("Алеанца") и Мунхенер Рукферзихерунгс-Гезелшафт Акциенхезелшафт ин Мунхен (*Münchener Rückversicherungs-Gesellschaft Aktiengesellschaft in München*), со седиште на адреса Коенигинштрасе 107, 80802 Минхен, Германија (*Koeniginstrasse 107, 80802 Munich, Germany*) ќе основаат целосно функционално заедничко вложување.

Сите Продавачи (директно и/или индиректно) се во сопственост на и контролирани од Асикурациони Џенерали С.п.А., Италија (*Assicurazioni Generali S.p.A., Italy*) матичното друштво на меѓународна групација на друштва активна во осигурителниот и финансискиот сектор ("**Генерали**"). Продавачите управуваат со бизнисот на Генерали во Италија (Џенерали Италија, Алеанца и Џенертелајф), Германија (Генерали Дојчланд) и Франција (Женерали Вие). Генерали има едно претпријатие-ќерка во Северна Македонија, друштвото Генерали Инвестментс АД Скопје, со седиште на бул. Партизански одреди 14А-1/2, 1000 Скопје, Северна Македонија, со предмет на работење: дејности на управување со фондови.

Мјуних Ре е меѓународно осигурително друштво. Мјуних Ре го покрива целиот синџир на вредност на реосигурување, примарно осигурување и решенија за споредни ризици од осигурување, а нуди и услуги за управување со средства.

Целното друштво е друштво за инвестирање во недвижности, која поседува единствен недвижности, право на закуп во улицата Фенчрч бр. 120, Лондон, ОК (*120 Fenchurch Street, London, UK*), каде што има зграда од 15 ката со прибл. 40.000 м2 деловен и малопродажен простор. Нема присуство во РСМ.

Релевантен пазар

Предложената трансакција се однесува првенствено на секторот на недвижности, особено на изнајмување на комерцијални недвижности и управување со недвижности. Од географска гледна точка, релевантните пазари се ограничени на територијата на ОК.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување*.

26.10.2022 година
Скопје